РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Бр./Nr. 01-2030/1 01-11-2021 viti 20___ год.

АФПЗРР

Република Македонија

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Врз основа на член 2 став (4) од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" br. 46/16) и член 2 став (5) од Правилникот за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија " бр.46/16) Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува спроведувањето на процедурите за прием на пријави од укажувачи , извојување и обработка на податоците од пријавите и преземање на мерки за обезбедување на заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицирани информации.

Член 2

Овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување (во понатамошниот текст : овластено лице) врши прием на пријави доставени од укажувач, поединечно или групно, доставени лично во писмена форма или преку посебно поштенско сандаче поставено во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој или на електронско сандаче на овластеното лице или усно на записник.

Член 3

Примените пријави се заведуваат од страна на овластеното лице истиот ден по приемот со ставање на посебен приемен штембил и евидентирање во посебен деловодник.

Доколку пријавата е добиена усно од страна на овластеното лице се составува записник, кој содржи: податоци за укажувачот (име, презиме, својство, степен на доверливост) , податоци за лицето , односно субјектот против кој е поднесена пријавата, опис на казненото дело или друго незаконито и недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот, прилози, датум и место на прием на пријавата и потпис на укажувачот и овластеното лице. Записникот се заведува во писмена форма.

Доколку пријавата е доставена во електронска форма од страна на овластеното лице се печати записот и истото се заведува како писмена пријава.

Член 4

По приемот и заведувањето на пријавата, овластеното лице ја разгледува и проучува содржината на истата и прилозите со цел да утврди дали истата претставува пријава согласно Законот за заштита на укажувачи, дали содржи доволно податоци за понатамошно постапување, дали е разумна и логична. Овластеното лице има право да бара дополнителни информации со цел обработка на пријавата како и да врши дополнителни консултации со други лица, но треба да внимава на заштита на идентитетот на укажувачот.

Доколку се утврди дека пријавата не претставува, односно не се однесува на пријава на укажувач, овластеното лице во предметот става забелешка која се евидентира во посебниот деловодникот, задржува копија од предметот, изготвува допис за доставување на предметот и приложените документи во оригинал до писарницата на надлежната институција за постапување, и го известува за тоа подносителот на пријавата доколку е познат.

Доколку содржината на пријавата е логична и разумна и таа претставува пријава од укажувач , овластеното постапува по пријавата во рамките на надлежностите на Агенцијата за финансиска поддршка , ја проследува пријавата откако претходно ќе ги издвои личните податоци и податоците кои можат да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку истиот барал да остане доверлив, до службените лица во Агенцијата надлежни за постапување во областа на која се однесува пријавата.

Службеното лице од став (3) на овој член постапува по пријавата, презема мерки по истата и за тоа составува извештај кој го доставува до овластеното лице.

Доколку се утврди дека Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој не е надлежна за постапување по пријавата, или пријавата се однесува против директорот на Агенцијата, и со допис ја проследува пријавата до надлежната институција најдоцна во рок од 8 дена по прием на пријавата, и за тоа го известува укажувачот доколку е познат.

Член 5

За содржината на пријавата како и заклучоците кои ги донесува овластеното лице без одлагање го известува директорот на Агенцијата, освен во случај кога пријавата е поднесена против него.

Член 6

По барање на укажувачот, овластеното лице го известува за дејствијата кои се преземени во постапката , му овозможува увид во списите на предметот , освен до оние информации кои можат да имаат штетни последици на постапката.

За преземените мерки во врска со пријавата овластеното лице го известува укажувачот, доколку е познат најдоцна во рок од 15 дена по прием на пријавата.

По завршување на постапката овластено лице го известува укажувачот за исходот на истата и го архива предметот оформен по таа пријава.

Член 7

Заштитата на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи кои барале да бидат анонимни и на доверливи пријави од укажувачи , се врши согласно законот за заштита на лични податоци и заштита на класифицирани информации и согласно Законот за заштита укажувачи.

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на веб страницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Бр. 01 - 2030 /1

01 -11- 2021

___________________, Скопје

В.Д. ДИРЕКТОР

Никица Бачовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој * Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Скопје-Shkup